INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES SKOPJE

# Б И Л Т Е Н

*Институт за општествени и хуманистички науки-Скопје*

*број 15 / 2014*

ИНСТИТУТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ И ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ - СКОПЈЕ
Улица “20 Октомври” бр.8, втор кат, 1000 Скопје, Македонија
Тел/Факс: +389 3113 059, e-mail: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk

## СОДРЖИНА:

- РЕЦЕНЗИЈА за избор во научно звање научен соработни/доцент во Институтот за општествени и хуманистички науки-Скопје

- РЕЦЕНЗИЈА за избор во научно звање научен соработни/доцент во Институтот за општествени и хуманистички науки-Скопје

- ОДЛУКА за прифаќање на насловот на темата за магистерски труд и определување на ментор

- ОДЛУКА за ибор на д-р Артан Садику во научно звање: научен соработник (еквивалент-доцент)

- ОДЛУКА за ибор на д-р Елизабета Баковска во научно звање: научен соработник (еквивалент-доцент)

- ЗАПИСНИК од четиринаесетата седница на Наставно-научниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки- Скопје

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES SKOPJE

20 Октомври бр. 8 – кат 2, 1000 Скопје
Република Македонија
+ 389 2 113 059
www.isshs.edu.mk

Институт за општествени и хуманистички науки
Бр. 106/2014
23.12. 20 14 год.
СКОПЈЕ

**РЕЦЕНЗИЈА**

**за**

**ИЗБОР ВО НАУЧНО ЗВАЊЕ НАУЧЕН СОРАБОТНИК/ДОЦЕНТ, ВО ИНСТИТУТОТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ И ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ - СКОПЈЕ**

Советот за научна дејност на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје на својата редовна седница одржана на 12.12.2014 година нè избра за Рецензентска комисија во врска со пријавата на д-р Артан Садики за избор во звањето научен соработник (еквивалент: доцент). Кон пријавата се приложени потребните материјали, документи и податоци: биографија и библиографија на кандидатот, со објавени трудови и примероци од објавените трудови кои го сочинуваат опусот на научно-истражувачката и уметничката дејност на кандидатката.

Врз основа на поднесените материјали, Рецензентската комисија ги презентира следниве мислења и заклучоци:

1. Биографски податоци на д-р Артан Садики;
2. Преглед и оценка на научно-истражувачката и уметничката дејност;
3. Оцена за исполнетоста на условите за избор во звањето научен соработник (еквивалент: доцент).

Комисијата во состав: проф. д-р Емилија Симоска, проф. д-р Катерина Колозова, доц. д-р Ристо Карајков по увидот на материјалот, го поднесува на усвојување следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Д-р Артан Садики, роден на 30.11.1983 година дипломирал на Правниот факултет, на при Универзитетот на Југоисточна Европа, Тетово во 2006 година.
Последипломските студии ги запиша на Универзитетот во Амсердам, на правниот факултет. Во 2008 година ја одбрани магистерската теза и се стекна со звање Магистер по правни науки.

Во 2014 година, докторира на групата за социологија на Институтот за Социолошки и Политичко Правни истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, на темата “ПОЛИТИЧКОТО

СУБЈЕКТИВИЗИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ КАКО МОЖНОСТ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА НОВО ПОЛЕ НА ПОЛИТИКАТА ВО ОПШТЕСТВОТО", под менторство на проф. д-р Емилија Симоска и се стекна со научен степен: Доктор по политички науки.

Во периодот Септември 2008 до Септември 2009 ангажиран е како асистент во Државниот Универзитет во Тетово по предметот Меѓународно приватно право.

Во периодот Јуни - Октомври 2004, кандидатот е учесник на летниот семестар организран од страна на Универзитет во ОСЛО, Норвешка . Темите на овој семинар се: Меѓународни односи и надворешна политика и Современи проблеми во владеењето и политиката.

Во текот на Ноември – Јануари 2005 е запишан на Техничкиот Универзитет во Минхен, Германија на студиската програма по германски јазик и култура, меѓукултуна комуникација, менаџмент.

Во периодот јуни-септември 2001 е учесник на обуга на Таусон Универзиет, Балтиморе МД, САД на програмата: Политички систем, односи со јавноста, политички односи.

Во Јуни 2004 во Нансен Академија, Лилехамер Норвешка е учесник на семинарот: Социологија на конфликтите на Балканот.

Од 2010 година па се до денес, работи како истражувач и програмски директор во Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје. Истовремено е и активен член/истражувач/активист во ЛД Солидарност.

Работно искуство стекнува на бројни домашни и меѓународни проекти во склоп на Организацијата на Обединетите Нации, ОБСЕ и др.

ОБЈАВЕНИ НАУЧНИ ТРУДОВИ И УЧЕСТВО НА КОНФЕРЕНЦИИ:

- 'Contractual democracy in the Balkans: The 'return of the people' as a possibility for feminist inauguration of politics', SEE Review 2013
- 'Provocation to a final resistance of Truth. Ethics of a Heretical Discourse' Идентитети 2011
- Contracting a new democracy for the Balkans, due Jan 2010, Southeastern Europe / brill.nl/seeu
- A self-determination for Southern Cameroons / *UNPO conference paper, pub.2008/ref. 1*
- 'Relations between United Nations and European Union challenged by EULEX mission' , Volkenrechtskring Amsterdam, Annual Journal 2008
- Three contexts of balkanization. The case of Palestine. / Europeans for Peace, Kuwe Wustrow, manual 2008.
- 'Framing the agreement without social frames' conf/pub SEEU 2010

По прегледувањето на приложените трудови, особено по прегледувањето на успешно одбранетиот докторски труд и по усогласувањето на поединечните мислења, констатирано е дека научните истражувања на д-р Артан Садики се насочени кон истражувања од областа на студиите на политики, општествените и хуманистички науки.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на увидот во поднесената документација, Комисијата констатира дека кандидатот д-р Артан Садики значајно придонесува во развојот на вкупната научноистражувачка, стручно-апликативна и организациско развојна дејност.

Д-р Садики има поминато низ сите фази од подготовката и реализацијата на научно-истражувачките проекти: изработка на инструменти за: анкети, интервјуа, фокус групи и анализи на содржина, организација и реализација на емпириски истражувања, анализа на податоци и пишување на научни студии и полиси анализи. Неговите трудови се базирани на самостојно работени истражувања и анализи, што покажува сериозно владеење на методологијата во општествените и хуманистички истражувања.

Изборот на теми за нејзиниот магистерски и докторски труд, покажува дека кандидатот прави сериозен научен зафат за анализа на проблеми кои се од суштинска вашност во развојот на општествените и хуманистичките науки. Со тоа покажува сериозна иницијативност, самостојност и желба да даде придонес во развојот на соодветните области.

Врз основа на изнесената содржина и карактеристики на научно-истражувачката и уметничката дејност на кандидатот, како и врз био-библиографските белешки, Комисијата констатира дека кандидатот значајно придонесува во развојот на теориските интерпретации на идентитетот, применетата филозофија, анализа на политиките кои го вградуваат културолошкиот и родовиот аспект. Емпирискиот дел на неговите истражувања покажува дека кандидатот солидно ја владее методологијата на истражување во областа на политичките и социолошките науки.

Врз основа на изнесените податоци и оценки за вкупната научно-истражувачка дејност на д-р Артан Садики, рецензентската комисија во состав: проф. д-р Емилија Симоска, проф. д-р Катерина Колозова, доц. д-р Ристо Карајков, смета дека кандидатот ги исполнува сите услови за избор во звање научен соработник (еквивалент на доцент). Рецензентската комисија има чест да му предложи на Советот на Институтот за општествени и хуманистички истражувања-Скопје да го избере д-р Артан садики во звање научен соработник/доцент.

Рецензентска комисија:

Проф. д-р Емилија Симоска, претседателка

Проф. д-р Катерина Колозова, членка

Доц. д-р Ристо Карајков, член

Институт за општествени и хуманистички науки • СКОПЈЕ

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES SKOPJE

20 Октомври бр. 8 – кат 2. 1000
Скопје Република Македонија
+ 389 2 113 059
www.isshs.edu.mk

Институт за општествени и хуманистички науки
Бр. 107/2014
23.12.2014 год.
СКОПЈЕ

РЕЦЕНЗИЈА

за

ИЗБОР ВО НАУЧНО ЗВАЊЕ НАУЧЕН СОРАБОТНИК/ДОЦЕНТ, ВО ИНСТИТУТОТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ И ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ - СКОПЈЕ

Советот за научна дејност на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје на својата редовна седница одржана на 12.12.2014 година нè избра за Рецензентска комисија во врска со пријавата на д-р Елизабета Баковска за избор во звањето научен соработник (еквивалент: доцент). Кон пријавата се приложени потребните материјали, документи и податоци: биографија и библиографија на кандидатот, со објавени трудови и примероци од објавените трудови кои го сочинуваат опусот на научно-истражувачката и уметничката дејност на кандидатката.

Врз основа на поднесените материјали, Рецензентската комисија ги презентира следниве мислења и заклучоци:

Биографски податоци на д-р Елизабета Баковска;
Преглед и оценка на научно-истражувачката и уметничката дејност;
Оцена за исполнетоста на условите за избор во звањето научен соработник (еквивалент: доцент).

Комисијата во состав: проф. д-р Катерина Колозова, проф. д-р Маја Мухиќ, доц. д-р Јордан Шишовски по увидот на материјалот, го поднесува на усвојување следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Д-р Елизабета Баковска, родена на 13.10.1969 година, дипломирала на Филолошкиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје во 1998 година. Последипломските студии по книжевност ги запишала на истиот Универзитет, на Филолошкиот факултет. Во 2000 година ја одбранила магистерската теза и се стекнала со звање Магистер по филолошки науки.

Во 2013 година, докторирала на групата за философија и род на Институтот за општествени и хуманистички истражувања „Евро-Балкан", на темата „Сопствена соба, сопствено гето: Женското писмо во современата македонска проза", под менторство на проф. д-р Катерина Колозова и се стекнала со научен степен: Доктор по философски и родови студии.

ДЕЛ ОД БИБЛИОГРАФИЈА И ОБЈАВЕНИ ТРУДОВИ:

**Книжевна критика/Есеи**

*Интертекстуалноста во кантата на Езра Паунд.* Трета програма на Македонското радио, ноември 1993.
*Апологија на Силвија Плат.* Трета програма на Македонското радио, септември, 1994.
*Гласот на писателката во дијалог со традицијата.* Lettre internationale: Европска ревија за култура – македонско издание 15-16 (есен-зима, 1999): 88-96.
*Интертекстуалните елементи во расказот Дамата со кученцето на Џојс Карол Оутс.* in: Мираж, no. 4 (октомври 2002). (http://www.mirage.com.mk)
*Посвета на Јадранка Владова.* in: Блесок/Shine, no. 40, (јануари-февруари 2005), критика/critics. (http://www.blesok.com.mk) & in: Наше писмо: весник за литература и култура, no. 55. Скопје (јануари-март, 2005): 48-52.
*Хармонијата на двојноста: „Собирачи и ловци", избрани раскази од Томас Шапкот, Блесок, 2006.* in: Блесок/Shine, no. 53 (март-април 2007), критика/critics. (http://www.blesok.com.mk).
*Во тесните одаи на розовото гето: или, ние, нашите невидливи писателки.* In: Блесок/Shine, no. 56 (септември-октомври 2007), есеи/essays. (http://www.blesok.com.mk).
*Субјектот кај македонските прозаистки.* In: Блесок/Shine, no. 58 (јануари-февруари 2008), есеи/essays. (http://www.blesok.com.mk).
*Меѓу машките и женските теми, меѓу јавното и приватното.* In: Блесок/Shine, no. 60 (мај-јуни 2008), есеи/essays. (http://www.blesok.com.mk).
*Во дијалог со претходничките.* In: Блесок/Shine, no. 63 (ноември-декември 2008), есеи/essays. (http://www.blesok.com.mk).
*Stranstvuvanje and Provincialism.* In: Блесок/Shine, no. 71-73 (март-август 2010), есеи/essays. (http://www.blesok.com.mk/tekst.asp?lang=mac&tekst=1219)
*Essay: Stranstvuvanje and Provincialism.* In: Transcript: European Internet Review of Books and Writing, no. 35 (http://www.transcript-review.org/en/issue/transcript-35-macedonia/elizabeta-bakovska)
*Кон првиот „албум" на Старовски и нивното видување на македонската поезија.* In: Блесок/Shine, no. 80-81 (септември-декември 2011), звук осврти/sound reviews. (http://www.blesok.com.mk/tekst.asp?lang=mac&tekst=1290)
*Варварски ли е да се пишува поезија?* In: Лице в лице, бр. 003 (година 2013): 28-29.
*Варварски ли е да се пишува поезија?* In: Блесок/Shine, no. 88 (јануари-февруари 2013), есеи/essays. (www.blesok.mk)
*Отсекогаш мислев дека нема да пишувам како жена: Женското писмо во расказите* Мирис *на Оливера Николова и* Варовник во прав *на Оливера Ќорвезироска.* In: „Спектар" меѓународно списание за литературна наука, no. 61. Скопје (2013): 58-71.

*Subkultura „drugih" spisateljica u savremenoj makedonskoj prozi: (Lezbijka, kaluđerica sa pseudonimom i mlade/đe među nama).* In: Ars, časopis za književnost, kulturu i društvena pitanja, no. 1-2. Cetinje (2014). (http://okf-cetinje.org/elizabeta-bakovska-subkultura-drugih-spisateljica-u-savremenoj-makedonskoj-prozi/)

**Книги**

Гордимер, Надин. *Доцниот буржоаски свет.* Скопје: Култура, 1993. (translation to Macedonian and foreword)

Hristova-Jocik, Svetlana. *Blue Angelus.* Skopje: Detska radost, Makedonska revija, 1993. (translation to English of part of the poems in the book)

Томас, Доналд Мајкл. *Белиот хотел.* Скопје: Култура, 1994. (translation to Macedonian and foreword)

Nikolova, Aleksandra. *Ravenous Time.* Macedonia: Evropa 92, 1997. (translation to English and foreword)

Andreevska, Elena. *The National Minorities in the Balkans under the European and UN System of Protection of Human and Minority Rights.* Skopje: Magor, 1998. (parallel translation to Macedonian)

*Orpheus and Jesus, An Overview of Biblical Motifs in Contemporary Macedonian Poetry.* (Ed. by Ante Popovski), Struga: Struga Poetry Evenings 2000. (translation to English of part of the poems in the book)

Јосифовски, Перо. *Римската монетарница во Стоби.* Скопје: Народна банка на Република Македонија, 2001. (parallel translation to English)

*Coins and Mints in Macedonia: Proceedings of the Symposium Held in Honor of the 80th Birthday and 50th Anniversary of the Scholarly and Educational Work of Ksente Bogoev, Member of the Macedonian Academy of Arts and Sciences.* (Ed. Cvetan Grozdanov), Skopje: MANU, 2001. (translation to English)

*Caesarian Cut - Macedonian Short Stories.* Selected by Kata Kulavkova. Skopje: Cultural Institution Blesok: Macedonian P.E.N. Centre, 2001. (also on: http://www.e-books.com.mk/02prose/rez) (translation to English)

Ivanovski, Srbo. *All Aunt Ljuba's Engagements.* in: *The Macedonian P.E.N. Review; Balkan Literatures.* Skopje: Macedonian P.E.N. Centre, Cultural Institution Blesok, 2001. pp. 132-140. (translation to English)

Милер, Давид. *Блеквелова енциклопедија на политичката мисла.* Скопје: Ми-Ан, 2002. (translation to Macedonian together with Snežana Nikolovoska-Nečovska)

Дебељак, Алеш. *Избрани есеи.* Скопје: Блесок, 2004. (translation to Macedonian together with Igor Isakovski and Ana Dimiškovska Trajanoska)

Вокер, Алис. *Секојдневна употреба.* in: *Телесни сознанија: современи американски раскази.* Приредувач Виолета Христовска. Скопје: Магор, 2004. стр. 96-105. (translation to Macedonian)

Kulavkova, Katica. *Theory of Literature.* Skopje: Slovo, 2004. (translation to English with Jasminka Markovska)

Фокнер, Вилијам. *Додека умирав.* Скопје: Слово, 2005. (translation to Macedonian)

Mickovik, Slobodan. *Alexander and the Death.* Skopje: Kultura & Blesok. (translation to English)

Kulavkova, Katica. *Autopsia.* Skopje: Tri, 2006. (translation to English with Michael Seraphinoff, Ilija Casule and Jasminka Markoska)
Ваарсенбург, Ханс ван де. *Преку полињата.* Скопје: Блесок, 2006. (превод на поговорот, стр. 271-277).
*Монети од колекцијата на Охридска банка / Coins from the Collection of Ohridska Banka.* (authors: Pero Josifovski, Maja Hadži-Maneva, Danica Razmovska Bačeva), Ohrid: Ohridska Banka, 2007. (translation to English with Pero Josifovski and Maja Hadži-Maneva).
Maneva, Elica. *Ancient Jewellery from Macedonia: Vodoča Necropolis.* Skopje: Kalamus Centre for Cultural and Spiritual Heritage, 2007. (proofreading of the English translation).
Ивановски, Јовица. *Деновиве ако не и утре / Јовица Ивановски = One of These Days If Not Tomorrow / Jovica Ivanovski;* [Translated from Macedonian by Elizabeta Bakovska и др.] - Скопје: Блесок, 2009.
Sazdova, Vinka. *The Last Tea.* Skopje: Tri, 2010. (translation to English)
Mickovic, Slobodan. *Alexander and Death.* Skopje: "St. Clement of Ohrid" National and University Library, 2011. (translation to English)
Siljan, Rade, ed. *Macedonian Short Stories.* Skopje: "St. Clement of Ohrid" National and University Library, 2011. (translation to English)
Бол, Магдалена. *Спиј пред вечерта.* Скопје: Блесок, 2012. (translation to Macedonian)
Робертс, Дик. *Песни за Македонија.* Демир Хисар: Арт поинт-Гумно, 2013. (translation to Macedonian)
Дејвис, Дебора Кеј. *Грејс, Тамар и Ласло убавиот.* Скопје: Блесок, 2014.(translation to Macedonian)

**Списанија**

Оутс, Џојс Карол. *Каде одиш, каде си била.* Стремеж: списание за литература, уметност и култура. 3.4. Прилеп (2000): 73-91. (translation to Macedonian)
Гофран, Ричард. *Сè што ти треба.* Lettre internationale: Европска ревија за култура – македонско издание 18 (лето, 2000): 84-91. (translation to Macedonian)
Левертов, Денис. *Зборувајќи со магата.* Наше писмо: магазин за литература и култура. Бр. 59. Скопје (јануари-март, 2006): 15-17. (translation to Macedonian)

**Интернет**

Čašule, Kole. *Selected Plays.* http://www.e-books.com.mk/04plays/casule/sud (additional translation to English and editing)
Dimkovska, Lidija. *Selection.* http://www.e-books.com.mk/01poetry/dimkovska/izbor (translation to English)
Isakovski, Igor. *I &Tom Waits: Author's Selection.* http://www.e-books.com.mk/01poetry/isakovski/en (proofreading of the English translation)
Isakovski, Igor. *Sandglass.* http://www.e-books.com.mk/02prose/isakovski (translation to English)
Madžirov, Nikola. *Locked in the City.* http://www.e-books.com.mk/01poetry/madzhirov (editing of the English translation)
Rendžov, Mihail. *Apocalypse.* http://www.e-books.com.mk/01poetry/rendzov/apokalipsa (translation to English)
Simski, Stevo. *Winter Hat.* http://www.e-books.com.mk/02prose/simski (translation to English)

Spasovska, Suzana V. *Death Letter*. http://www.e-books.com.mk/01poetry/svs (editing of the English translation)

**ЦД ром**
Хаџи-Манева, Маја. *Македонија: парите и историјата/Macedonia: Coins and History*. Скопје: Народна банка на Република Македонија, 2008. (translation to English).

По прегледувањето на приложените трудови, особено по успешно одбранетиот докторски труд и по усогласувањето на поединечните мислења, констатирано е дека научните творби на д-р Елизабета Баковска се насочени кон истражувања од областа на студиите на културата, општествените и хуманистички науки.

**ЗАКЛУЧОК**

Врз основа на увидот во поднесената документација, Комисијата констатира дека кандидатката д-р Елизабета Баковска значајно придонесува во развојот на вкупната научно-истражувачка, стручно-апликативна и културолошка дејност.
Д-р Баковска има поминато низ сите фази од подготовката и реализацијата на научно-истражувачките проекти. Нејзините трудови се базирани на самостојно работени истражувања и анализи, што покажува сериозно владеење на методологијата во општествените и хуманистичките истражувања.
Изборот на теми за нејзиниот магистерски и докторски труд покажува дека кандидатката прави сериозен научен зафат за анализа на проблеми кои се од суштинска важност во развојот на општествените и хуманистичките науки, особено областите на студиите на култура и студиите на политики. Со тоа покажува сериозна иницијативност, самостојност и желба да даде придонес во развојот на соодветните области.

Врз основа на изнесената содржина и карактеристики на научно-истражувачката и уметничката дејност на кандидатката, како и врз био-библиографските белешки, Комисијата констатира дека кандидатката значајно придонесува во развојот на теориските интерпретации на културологијата, книжевноста, идентитетот, анализата на политиките кои го вградуваат културолошкиот и родовиот аспект. Емпирискиот дел на нејзините истражувања покажува дека кандидатката солидно ја владее методологијата на истражување во областа на хуманистичките науки.

Врз основа на изнесените податоци и оценки за вкупната научно-истражувачка дејност на д-р Елизабета Баковска, рецензентската комисија во состав: проф. д-р Катерина Колозова, проф. д-р Маја Мухиќ, доц. д-р Јордан Шишовски, смета дека кандидатката ги исполнува сите услови за избор во звање научен соработник (еквивалент на доцент). Рецензентската

комисија има чест да му предложи на Советот на Институтот за општествени и хуманистички истражувања - Скопје да ја избере д-р Елизабета Баковска во звање научен соработник/доцент.

Рецензентска комисија:

Проф. д-р Катерина Колозова, претседателка

Проф. д-р Маја Мухиќ, членка

Доц. д-р Јордан Шишовски, член

Институт за општествени и хуманистички науки
СКОПЈЕ

ИНСТИТУТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ И ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ СКОПЈЕ

Институт за општествени и хуманистички науки
Бр. 100/2014
12.12. 2014 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 30 од Статутот на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје, и член 5 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Институтот за општествени и хуманиситчки науки – Скопје, Научниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје, на петтата седница одржана на ден 12.12.2014 донесе

## ОДЛУКА

За прифаќање на насловот на темата за магистерски труд и определување на ментор

Чл. 1. Се прифаќа насловот на магистерскиот труд на тема: *Влијанието на ретките болести врз идентитетот на пациентите* предложен од кандидатот Весна Алексовска.

Чл. 2. Проф. д-р Катерина Колозова се назначува за менторка на кандидатот Весна Алексовска, за изработка на магистерскиот труд на тема: *Влијанието на ретките болести врз идентитетот на пациентите.*

Чл. 3. Одлуката стапува на сила на денот на донесувањето.

Извршна директорка

Проф. д-р Катерина Колозова

Институт за општествени и хуманистички науки СКОПЈЕ

12.12.2014, Скопје

ИНСТИТУТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ И ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ - СКОПЈЕ
Ул. 20-ти Октомври, бр. 8, 2 кат, 1000 Скопје
Тел./факс: +389 2 311 30 59
Е-пошта: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk

ИНСТИТУТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ И ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ СКОПЈЕ

Институт за општествени и хуманистички науки
Бр. 109 /2014
23.12. 2014 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 30 од Статутот на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје, и врз основа на приложениот и усвоен позитивен извештај на Комисијата за рецензија (во состав: проф. д-р Емилија Симоска, проф. д-р Катерина Колозова, доц. д-р Ристо Карајков), Наставно - научниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје на својата редовна седница, одржана на ден 23.12.2014 донесе

**ОДЛУКА**

За избор на д-р Артан Садики
во научно звање: научен соработник (еквивалент – доцент)

Чл. 1. Д-р Артан Садики се избира во звањето НАУЧЕН СОРАБОТНИК (еквивалентно на наставно звање: доцент);

Чл. 2. Одлуката за избор на д-р Артан Садики во звање научен соработник, односно, доцент стапува на сила на денот на нејзино донесување.

Институт за општествени и хуманистички науки СКОПЈЕ

Проф. д-р Катерина Колозова
Извршна директорка
Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје

Скопје, 23.12.2014

ИНСТИТУТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ И ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ - СКОПЈЕ
Ул. 20-ти Октомври, бр. 8, 2 кат, 1000 Скопје
Тел./факс: +389 2 311 30 59
E-пошта: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk

ИНСТИТУТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ И ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ СКОПЈЕ

Институт за општествени и хуманистички науки
Бр. 110 /2014
23.12.2014 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 30 од Статутот на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје, и врз основа на приложениот и усвоен позитивен извештај на Комисијата за рецензија (во состав: проф. д-р Катерина Колозова, проф. д-р Маја Мухиќ, доц. д-р Јордан Шишовски), Наставно - научниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје на својата редовна седница, одржана на ден 23.12.2014 донесе

**ОДЛУКА**

За избор на д-р Елизабета Баковска
во научно звање: научен соработник (еквивалент – доцент)

Чл. 1. Д-р Елизабета Баковска се избира во звањето НАУЧЕН СОРАБОТНИК (еквивалентно на наставно звање: доцент);

Чл. 2. Одлуката за избор на д-р Елизабета Баковска во звање научен соработник, односно, доцент стапува на сила на денот на нејзино донесување.

Институт за општествени и хуманистички науки СКОПЈЕ

Проф. д-р Катерина Колозова
Извршна директорка
Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје

Скопје, 23.12.2014

ИНСТИТУТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ И ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ - СКОПЈЕ
Ул. 20-ти Октомври, бр. 8, 2 кат, 1000 Скопје
Тел./факс: +389 2 311 30 59
Е-пошта: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES SKOPJE

Институт за општествени и хуманистички науки
Бр. 98/2014
23-12 20 14 год.
СКОПЈЕ

## ЗАПИСНИК

**Од четиринаесетта седницата на Наставно - научниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје**

Одржана на 12ти декември 2014

На 12ти декември се одржа четиринаесеттата седница на Наставно - научниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје во состав: проф. д-р Дона Колар Панова, проф. д-р Катерина Колозова,доц. д-р Маја Мухиќ, доц. д-р Сенка Анастасова, доц. д-р Игор Јованоски, доц. д-р Ристо Карајков, доц. д-р Калина Лечевска, доц. д-р Викторија Боровска, доц д-р Јордан Шишовски, м-р Ана Блажева.

ДНЕВЕН РЕД на четиринаесеттата седница на Наставно - нучниот совет, одржана на 12ти декември

1. **Усвојување на нацрт Записникот од 13-та седница на Советот, одржана на 05.06.2014;**
2. **Формирање на комисија за избор во звање на кандидатот д-р Артан Садики.**
3. **Формирање на комисија за избор во звање на кандидатката д-р Елизабета Баковска.**
4. **Прифаќање на тема за магистерски труд и одредување на ментор за магистерска теза, со работен наслов: 'Потрагата на „невидливите луѓе" по новото „ нормално" - *Влијанието на ретките болести врз идентитетот на пациентите*', на студентката Весна Алексовска;**
5. **Дискусија за формирање на Центар за кариера и Одбор за соработка и доверба со јавноста;**
6. **Разно.**

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES SKOPJE

**Записник од 14-та седница на Советот:**

1. **Усвојување на нацрт Записникот од 13-та седница на Советот, одржана на 05.06.2014;** Присутните го разгледаа и го усвоија нацрт Записникот од 13-та седница на Советот, одржана на 05.06.2014.

2. **Формирање на комисија за избор во звање на кандидатот д-р Артан Садики;** Врз основа на барањето на кандидатот д-р Артан Садики, Советот ја формирање комисја за избор во звање во состав:

   -проф. д-р Емилија Симоска, претседателка на комисијата

   -проф. д-р Катерина Колозова, членка

   -доц. д-р Ристо Карајков, член

3. **Формирање на комисија за избор во звање на кандидатката д-р Елизабета Баковска;** Врз основа на барањето на кандидатката д-р Елизабета Баковска, Советот ја формирање комисја за избор во звање во состав:

   -проф. д-р Катерина Колозова, претседателка на комисијата

   -проф. д-р, Маја Мухиќ, членка

   -доц. д-р Ристо Карајков, член

7. **Одредување на ментор за магистерска теза, со работен наслов: 'Потрагата на „невидливите луѓе" по новото „ нормално" - *Влијанието на ретките болести врз идентитетот на пациентите*', на студентката Весна Алексовска;** Се прифаќа темата за магистерска теза на кандидатката Весна Алексовска со наслов *Влијанието на ретките болести врз идентитетот на пациентите* 'и за ментор се одредува проф. д-р Катерина Колозова.

8. **Дискусија за формирање на Центар за кариера и Одбор за соработка и доверба со јавноста;**

Записничар,
Д-р Викторија Боровска
12.12. 2014, во Скопје

Tel/Fax: +389 2 31 13 059
Address: 20 Oktomvri, nr. 8, second floor, 1000 Skopje
e-mail: info@isshs.edu.mk